СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 1737/2021
Дата 26 -11- 2021

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15 и 76/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 42 став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Кавадарци, се издаваат Услови за планирање на просторот за изградба на водоводна мрежа за месноста Моклиште со резервоар на дел од КП 3089, КО Ваташа, реконструкција на постојните каптажи К1 на дел од КП 3101, дел од КП 3094 и дел од КП 3117, КО Ваташа, К2 на дел од КП 3096, КО Ваташа, К3 на дел од КП 3077, КО Ваташа и канализациона мрежа КО Ваташа, Општина Кавадарци.

Должина на линиската инфраструктура изнесува 7298 м'.

Дел од трасата се води паралелно со лониско инфраструктури за кои се издадени Услови за планирање на просторот со тех.бр.:

Y29712 – Услови за планирање на просторот за изградба на мала хидроелектрична централа со реф. бр. 3, со пропратни објекти и пристапен пат, КО Ваташа, Општина Кавадарци;

Y06311 - Услови за планирање на просторот за изработка на проект за инфраструктура за изградба на објекти за водоснабдување на с. Ваташа, Глишиќ, Марена и Сопот, Општина Кавадарци;

Y00213 - Услови за планирање на просторот за реконструкција на тиролски зафат-Моклиште и канал од тиролски зафат до над селото Ваташа кои се дел од хидросистемот Бошава во КО Ваташа, Општина Кавадарци.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Ги тангира веќе издадените Услови за планирање на просторот со тех. бр.:

Y23516 - Услови за планирање на просторот за изработка на ГУП на град Кавадарци и населбите Ваташа и Глишиќ, Општина Кавадарци;

Y10720 - Услови за планирање на просторот за изградба на објекти со основна класа на намена А1 – домување во станбени куќи, КО Ваташа, Општина Кавадарци.

Се сече со издадени Услови за планирање на просторот со тех. бр.:

Y00314 - Услови за планирање на просторот за поставување на 20 Kv електричен вод долж регионалниот пат Кавадарци – Мушов Гроб – Витолиште, КО Ваташа, Општина Кавадарци.

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

**Условите за планирање на просторот треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот во соодветниот плански документ, во согладсност со Просторниот план на Република Македонија.**

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. Y28021** се составен дел на Решението.

3. Условите за планирање на просторот за изградба на водоводна мрежа за месноста Моклиште со резервоар на дел од КП 3089, КО Ваташа, реконструкција на постојните каптажи К1 на дел од КП 3101, дел од КП 3094 и дел од КП 3117, КО Ваташа, К2 на дел од КП 3096, КО Ваташа, К3 на дел од КП 3077, КО Ваташа и канализациона мрежа КО Ваташа, Општина Кавадарци, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. При изработка на планската документација локациите за сите содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи. Приоритет е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изградба на водоводна мрежа за месноста Моклиште со резервоар на дел од КП 3089, КО Ваташа, реконструкција на постојните каптажи К1 на дел од КП 3101, дел од КП 3094 и дел од КП 3117, КО Ваташа, К2 на дел од КП 3096, КО Ваташа, К3 на дел од КП 3077, КО Ваташа и канализациона мрежа КО Ваташа, Општина Кавадарци потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.

6. Донесувачот на **планската документација за изградба на водоводна мрежа за месноста Моклиште со резервоар на дел од КП 3089, КО Ваташа, реконструкција на постојните каптажи К1 на дел од КП 3101, дел од КП 3094 и дел од КП 3117, КО Ваташа, К2 на дел од КП 3096, КО Ваташа, К3 на дел од КП 3077, КО Ваташа и канализациона мрежа КО Ваташа, Општина Кавадарци** е должен да донесе Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на Стратегиска оцена на животната средина (СОЖС), во која треба да се образложени причините за спроведувањето односно неспроведувањето, на начин и постапка пропишани со Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 39/16, 99/18) .

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**Општина Кавадарци**, врз основа на член 42 став 4 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), со постапка бр. 38313 од 22.09.2021 год. до Агенцијата за планирање на просторот, преку електронскиот систем е-урбанизам, достави барање за издавање на Услови за планирање на просторот за изградба на водоводна мрежа за месноста Моклиште со резервоар на дел од КП 3089, КО Ваташа, реконструкција на постојните каптажи К1 на дел од КП 3101, дел од КП 3094 и дел од КП 3117, КО Ваташа, К2 на дел од КП 3096, КО Ваташа, К3 на дел од КП 3077, КО Ваташа и


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

канализациона мрежа КО Ваташа, Општина Кавадарци. Должина на линиската инфраструктура изнесува 7298 м'.

Согласно член 42 став 8 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. 32/20), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изградба на водоводна мрежа за месноста Моклиште со резервоар на дел од КП 3089, КО Ваташа, реконструкција на постојните каптажи К1 на дел од КП 3101, дел од КП 3094 и дел од КП 3117, КО Ваташа, К2 на дел од КП 3096, КО Ваташа, К3 на дел од КП 3077, КО Ваташа и канализациона мрежа КО Ваташа, Општина Кавадарци и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 1737/2021 од 15.11.2021 година.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на РМ" бр. 124/15 и 76/20), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение на Услови за планирање на просторот за изградба на водоводна мрежа за месноста Моклиште со резервоар на дел од КП 3089, КО Ваташа, реконструкција на постојните каптажи К1 на дел од КП 3101, дел од КП 3094 и дел од КП 3117, КО Ваташа, К2 на дел од КП 3096, КО Ваташа, К3 на дел од КП 3077, КО Ваташа и канализациона мрежа КО Ваташа, Општина Кавадарци и одлучи како во диспозитивот.

**Упатство за правно средство**: Против ова Решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР
Nebi Rexhepi

Изготвил: Дајана Марковска Ристеска

Одобрил: Соња Фурнаџиска


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk